Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 23 (дваесет и третата) седница на Советот на општина Долнени на ден 15.03.2023 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н  р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесеттата втората седница на Советот на општина Долнени.
2. Завршна сметка на општина Долнени за 2022 година.
3. Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево
4. Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево
5. Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево
6. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 23 (дваесет и третата) седница на Советот на општина Долнени на ден 15.03.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Завршна сметка на општина Долнени за 2022 година.
2. Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево
3. Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево
4. Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Долнени и Општина Крушево

Вака читањето на  дневен ред администрацијата на општина Долнени предложи дневниот ред да се надополни со уште две точки и тоа;
Завршна сметка на ЈКП Долнени. И Одлука за усвојување на програма за изведување на екскурзија за учебната 2023 година.
Вака предвидениот дневен ред со дополнувања претседателот на советот Хусеин Хасановиќ го стави на гласање од кој едногласно сите 15советника гласаа ЗА.

1.По однос на првата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.
2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде советникот и претседател на комисијата за Финансирање Изет Сулејманоски кој го презентираше составениот записник за Завршната сметка кој го имаше составено комисијата за Финансии. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА 2 воздржани против немаше.
3. По однос на третата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 12 советника гласаа ЗА, 3 беа воздржани а против немаше.
4. По однос на четвртата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Сатки Мифтароски кој образложи за што се работи и нагласи дека ќе се склучи меѓуопштинска соработка со општина Крушево.Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советникагласаа ЗА.
5. По однос на петата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите15 советника гласаа ЗА.
7. По однос на седмата точка од дневниот ред збор зеде директорот на ЈКП Долнени Милаим Адеми кој објасни дек како законска основа треба до 15 мартда се донеси Завршната сметка тие како Комунално претпријатие веќе ја донеселе на состанокот со Управниот одбор па сега и советот на општина Долнени треба да ја донеси. Советникот Хусеин Хасановиќ постави прашање дали ЈКП работело со загуба или не. Директорот нагласи дека има загуба од причина што платите на вработените се зголемиле минималните плати а во ЈКП повеќе вработени се со минимални плати. Потоа збор зеде советникот Нади кој праша зошто материјалите од ЈКП ги добиваме стално пред седница. Потоа советникот Ахмедин праша дали ЈКП за 2023 година има визија за програмата и што планира. Директорот нагласи дека има визија и ќе се работи за подобрување на ЈКП. Претседателот на советот оваа точка ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
8. По однос на осмата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите15 советника гласаа ЗА.
9. По однос на деветтата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите15 советника гласаа ЗА.
10. По однос на седмата точка од дневниот ред претседателот на советот ги прочита барањата кои беа доставени до советот на општина Долнени.

Барање од месната заедница на н. м Стровија и н. м Црнилиште кој побара од Општина Долнени да излези на терен инспекторат за Сообраќај и да ги провери камионите од шумство кои транспортираат дрва. .

Барање од Црковниот одбор од с. Сарандиново кој бара финансиски средства за до изградба на црквата. .

З а п и с н и ч а р

______________________

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина
Долнени

______________________
Хусеин Хасановиќ